Службен весник на Република Македонија

Број 27 **5 февруари 2014, среда** **година LXX**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
920.	**Закон** за изменување и дополнување на Кривичниот законик	**2**
921.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за бесплатна правна помош	**21**
922.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост	**22**
923.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за експропријација	**29**
924.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи	**31**
925.	**Закон** за дополнување на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи	**32**
926.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри	**33**
927.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари	**36**
928.	**Закон** за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата	**42**
929.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност	**43**
930.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за мирно решавање на работните спорови	**45**
931.	**Закон** за дополнување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија	**51**
932.	**Закон** за изменување на Законот за поштенските услуги	**51**
933.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за градење	**52**
934.	**Закон** за дополнување на Законот за земање и пресадување на делови на човечкото тело заради лекување	**54**
935.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските помагала	**55**
936.	**Закон** за користење на податоците од јавниот сектор	**59**
937.	**Закон** за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата	**65**
938.	**Закон** за дополнување на Законот за идентификација и регистрација на животните	**100**
939.	**Закон** за вработените во јавниот сектор	**100**
940.	**Закон** за административни службеници	**117**
	Огласен дел	**1-20**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

920.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 февруари 2014 година.

Бр. 07 – 650/1
3 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13 и 82/13), во членот 33 став (1) точка 4 сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

Во точката 5 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“ и се додава нова точка 6, која гласи:

„6) забрана за посетување на спортски натпревари.“

По ставот (8) се додава нов став (9), кој гласи:

„(9) Казната забрана за посетување на спортски натпревари може да се изрече ако на осудениот му е изречена казна затвор, парична казна, условна осуда или судска опомена.“

Член 2

Во членот 35 став (1) бројот „15“ се заменува со бројот „20“, по зборовите: „изрече казна“ се додава зборот „долготраен“, а бројот „20“ се заменува со бројот „40“.

Во ставот (2) бројот „15“ се заменува со бројот „20“.

Член 3

Во членот 36 ставот (4) се менува и гласи:

„Осудениот на казна доживотен затвор условно не може да се отпушти пред да издржи најмалку 25 години казна затвор.“

Во ставот (5) се додава нова реченица која гласи: „При осуди на дела на насилство, судот може да одреди и забрана за посетување на спортски натпревари што ја спроведува Министерството за внатрешни работи.“

Член 4

По членот 38-г се додава нов наслов и нов член 38-д, кои гласат:

„Забрана за посетување на спортски натпревари

Член 38-д

Казната забрана за посетување на сите или на одредени спортски натпревари, судот ја изрекува за дела на насилство на спортски натпревари во траење од една до три години.“

Член 5

Во членот 39 ставот (5) се менува и гласи:

„При одмерување на казната судот посебно ќе има предвид дали кривичното дело е сторено против лице или група на лица или имот, непосредно или посредно, поради нивната припадност на одреден пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или ратификуван меѓународен договор.”

Член 6

Во членот 41 став (1) точки 1, 2, 3, 4, 5 и 6 зборовите: „или повеќе“ се бришат.

Член 7

Во членот 44 став (2) точката 1 се менува и гласи:

„за некое кривично дело во стек утврди казна доживотен затвор или долготраен затвор од 40 години, ќе ја изрече само таа казна;“.

Во точката 2 бројот „15“ се заменува со бројот „20“.

Член 8

Во членот 46 став (2) по зборовите: „За кривично дело сторено“ се додаваат зборовите: „пред да започнало издржувањето на казната или“, а по зборовите: „малолетнички затвор“ се додаваат зборовите: „по поранешна осуда“.

Член 9

Во членот 61 точка 3 запирката се заменува со сврзникот „и“ и се додава нова точка 4, која гласи:

„4) медицинско-фармаколошко лекување на сторители на полов напад врз дете до 14 години.“

Член 10

Во членот 62 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Медицинско-фармаколошко лекување може да се изрече на сторител на полов напад врз дете до 14 години ако му е изречена казна затвор.“

Член 11

По членот 65 се додава нов наслов и нов член 65-а, кои гласат:

„Медицинско-фармаколошко лекување

Член 65-а

(1) На сторител на кривично дело полов напад врз дете до 14 години кога постои опасност и натаму да врши такви дела судот може да му изрече мерка на медицинско-фармаколошко лекување.

(2) Ако за делото е пропишана казна доживотен затвор судот може на сторителот да му изрече казна затвор од 40 години ако тој се согласи на медицинско-фармаколошко лекување кое ќе трае до крајот на неговиот живот или до времето до кое според оцената на судот е потребно да трае лекувањето.

(3) Ако за делото е пропишана долготрајна казна затвор од 40 години судот може на сторителот да му изречече казна затвор од 20 години ако тој се согласи на медицинско-фармаколошко лекување кое ќе трае до крајот на неговиот живот или до времето до кое според оцената на судот е потребно да трае лекувањето.

(4) Ако за делото е пропишана казна затвор од 20 години судот може на сторителот да му ја изречече минималната казна затвор пропишана за кривичното дело ако тој се согласи на медицинско-фармаколошко лекување кое ќе трае до крајот на неговиот живот или до времето до кое според оцената на судот е потребно да трае лекувањето.

(5) Мерката од ставот (1) на овој член се извршува на слобода во специјализирани медицински установи по издржување на казната затвор, а надзорот на извршувањето на мерката го спроведува Управата за извршување на санкции. Управата за извршување на санкциите најмалку еднаш на шест месеци го известува судот за извршувањето на мерката од ставот (1) на овој член и за потребата од нејзиното продолжување или прекинување.

(6) Ако сторителот во случаите од ставовите (2), (3) и (4) на овој член не се подложи на мерката медицинско-фармаколошко лекување или самоволно го напушти лекувањето судот може да определи мерката присилно да се изврши во здравствена или друга специјализирана установа.

(7) По исклучок од ставовите (2), (3) и (4) на овој член судот и без согласност на строителот задолжително ќе му ја изрече мерката од ставот (1) на овој член ако сторителот делото го сторил во поврат. Мерката медицинско-фармаколошко лекување ќе трае до крајот на животот на сторителот или до времето до кое според оцената на судот е потребно да трае лекувањето.

(8) Начинот на извршувањето на мерката медицинско-фармаколошко лекување поблиску се уредува со Законот за извршување на санкции.“

Член 12

Во членот 96-в став (10) зборот „ликвидација“ се заменува со зборовите: „престанок на постоењето“.

Член 13

Во членот 96-и став (2) по зборовите: „нивните удели“ се става запирка и се додаваат зборовите: „ако со своите одлуки или постапки го оневозможиле или попречиле извршувањето на паричната казна“.

Член 14

Во членот 105 ставот (6) се менува и гласи:

„Судот може, на молба на осудениот да определи да се брише од казнена евиденција осудата на затвор: над три години до пет години во рок од пет години; над пет години до десет години во рок од десет години; над десет години до 20 години и од 40 години во рок од 20 години од денот на издржаната, застарената или простената казна, ако во тоа време осудениот не изврши ново кривично дело. При одлучувањето за бришењето на осудата, судот ќе води сметка за поведението на осудениот по издржаната казна, за природата на кривичното дело и за другите околности што можат да бидат од значење за оцената за оправданоста на бришењето на осудата.“

Член 15

Во членот 108 ставот (1) се менува и гласи:

„Застарувањето на кривичното гонење почнува од денот кога е сторено кривичното дело или настапила последицата. Ако делото е сторено спрема дете застарувањето на кривичното гонење почнува од денот на неговото полнолетство.“

Член 16

Во членот 117 по бројот “359-а“ се става запирка и се додаваат броевите „394-а до 394-г“.

Член 17

Во членот 123 став (2) по точката 5 се додава нова точка 6, која гласи:

„6) друг ќе лиши од живот заради вадење на орган, ткиво или клетки за пресадување;“.

Точките 6 и 7 стануваат точки 7 и 8.

Член 18

По членот 128 се додаваат два нови наслови и два нови члена 128-а и 128-б, кои гласат:

„Клонирање

Член 128-а

Тој што ќе создаде човечко суштество генетски истоветно со друго живо или мртво човечко суштество,

ќе се казни со затвор од три до десет години.

Недозволени генетски манипулации на оплодување

Член 128-б

Тој што ќе оплоди јајце клетка од жена со сперматозоид од животно или животинска јајце клетка со сперматозоид од маж, или го замени ембрионот со пресадување на делови од други човечки или животински ембриони, или човечки клетки или човечки ембрион внесе во животно или животинска јајце клетка или ембрион внесе кај жена,

ќе се казни со затвор од три до десет години.“

Член 19

Насловот на членот 129 се менува и гласи: „Противправно прекинување на бременост и присилна стерилизација”.

Во членот 129 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Тој што без согласност или со доведување во заблуда или искористување на незнаењето на женско лице спротивно на закон, со хируршка интервенција или на друг начин ќе ја прекине нејзината способност за репродукција.

ќе се казни со затвор од три до десет години.“

Ставот (4) кој станува став (5) се менува и гласи:

„(5) Ако делото од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член на овој член е сторено спрема малолетно женско лице или настапило тешко телесно нарушување на здравјето или смрт на женското лице, сторителот

ќе се казни за делото од ставот (1) на овој член на овој член со затвор од шест месеци до пет години, а за делото од ставовите (2), (3) и (4) на овој член со затвор најмалку пет години.“

Член 20

Во членот 137 ставот (1) се менува и гласи:

„Тој што врз основа на разлика на полот, расата, бојата на кожа, родот, припадноста на маргинализирана група, етничката припадност, јазикот, државјанството, социјалното потекло, религијата или верското уверување, други видови уверувања, образованието, политичката припадност, личниот или општественот статус, менталната или телесната попреченост, возраста, семејната или брачната состојба, имотниот статус, здравствената состојба, или која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ќе му одземе или ограничи права на човекот и граѓанинот, утврдени со Уставот на Република Македонија, закон или со ратификуван меѓународен договор или кој врз основа на овие разлики им дава на

граѓаните повластици спротивни на Уставот на Република Македонија, закон или ратификуван меѓународен договор,

ќе се казни со затвор од три месеци до три години.“

Член 21

Во членот 144 ставот (4) се менува и гласи:

„Тој што по пат на информатички систем ќе се закани дека ќе стори кривично дело за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна против некое лице поради нивната припадност на одреден пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здрвствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор,

ќе се казни со казна затвор од една до пет години.”

Член 22

Во членот 186 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено врз дете кое наполнило 14 години сторителот

ќе се казни со затвор најмалку десет години.“

Ставовите (2), (3) и (4) стануваат ставови (3), (4) и (5).

Член 23

Во членот 187 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено врз дете кое наполнило 14 години сторителот

ќе се казни со затвор најмалку десет години.“

Во ставот (2) кој станува став (3) по зборовите: „став (1)“ се додаваат зборовите: „и став (2)“.

Во ставот (3) кој станува став (4) зборот „дејство" се заменува со зборот „дејствие", зборовите: „од три години до пет години“ се заменуваат со зборовите: „од три до пет години“, а зборовите: „од три години до десет години“ се заменуваат со зборовите: „од три до десет години“.

Член 24

Насловот на членот 188 се менува и гласи: „Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години“.

Во членот 188 став (1) зборовите: „малолетник кој не наполнил“ се заменуваат со зборовите: „дете кое не наполнило“.

Во ставот (1) зборот „осум“ се заменува со бројот „12“.

Ставовите (2) и (3) се бришат.

Во ставот (4) кој станува став (2) зборовите: „делата од ставовите (1) и (2)“ се заменуваат со зборовите: „ делото од став (1)“, а зборот „десет“ се заменува со бројот „15“.

Ставот (5) станува став (3).

Член 25

Во членот 189 ставот (2) се менува и гласи:

„Ако делото од ставот (1) на овој член го изврши крвен сродник во права линија или брат, односно сестра, наставник, воспитувач, посвоител, старател, очув, маќеа, лекар или друго лице со злоупотреба на својата положба или при вршење семејно насилство ќе изврши обљуба или друго полово дејствие со дете кое наполнило 14 години кое му е доверено заради учење, воспитување, чување или нега,

ќе се казни со затвор најмалку десет години.“

Член 26

Во членот 190 ставот (2) се менува и гласи:

„Тој што пред дете кое наполнило 14 години врши полово дејствие или го наведува пред него или пред друг да врши такво дејствие,

ќе се казни со затвор од три до осму години.“

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Тој што пред дете кое не наполнило 14 години врши полово дејствие или го наведува пред него или пред друг да врши такво дејствие,

ќе се казни со затвор од најмалку четири години.“

Член 27

Во членот 191 ставот (3) се брише.

Во ставот (4) кој станува став (3) броевите „1 до 3“ се заменуваат со броевите „(1) и (2)“.

Член 28

По членот 191 се додаваат нов наслов и нов член 191-а, кои гласат:

„Детска проституција

Член 191-а

(1) Тој што врбува, наведува, поттикнува или намамува дете кое наполнило 14 години на проституција или посредува, предава или учествува во предавање на друг заради вршење проституција, или овозможува на друг користење на неговите сексуални услуги , или на друг начин го користи за сексуални активности заради остварување на имотна или друга корист,

ќе се казни со затвор од најмалку четири години.

(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено со употреба на сила или сериозна закана дека ќе се нападне врз животот или телото на детето или нему блиско лице, сторителот

ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(3) Ако делото од ставовите (1) и (2) на овој член е сторено спрема дете кое не наполнило 14 години, сторителот

ќе се казни со затвор најмалку десет години.

(4) Тој што организира вршење на делата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, или делата ќе ги стори при вршење на семејно насилство,

ќе се казни со затвор од најмалку десет години.“

Член 29

Членот 192 се брише

Член 30

Во насловот на членот 193 зборот „малолетник“ се заменува со зборот „дете“.

Во членот 193 став (1) зборовите: „малолетник кој“ се заменуваат со зборовите: „дете кое“.

Во ставот (3) зборовите: „малолетно лице“ се заменуваат со зборовите: „дете кое наполнило 14 години“.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

“(4) Ако делото од ставот (3) на овој член е сторено спрема дете кое не наполнило 14 години, сторителот

ќе се казни со затвор од најмалку четири години.“

Во ставот (4) кој станува став (5) зборовите: „малолетно лице“ се заменуваат со зборовите: „дете кое наполнило 14 години“.

Во ставот (5) кој станува став (6) зборовите: „малолетник кој“ се заменуваат со зборовите: „дете кое“, а зборот „четири“ се заменува со зборот „десет“.

Ставот (6) станува став (7).

Во ставот (7) кој станува став (8) по бројот „(3)“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по бројот „(4)“ се додаваат броевите „(5), (6) и (7)“

Член 31

Во насловот на членот 193-б зборовите: „малолетник кој не наполнил“ се заменува со зборовите: „дете кое не наполнило“.

Во членот 193-б зборовите: „малолетник кој не наполнил“ се заменуваат со зборовите: „дете кое не наполнило“.

Член 32

Во членот 194 став (2) зборовите: „малолетник кој не наполнил“ се заменуваат со зборовите: „дете кое не наполнило“.

Член 33

Во насловот на членот 197 и во членот 197 ставови (1) и (2) зборовите: „малолетно лице“ се заменуваат со зборот „дете“.

Член 34

Во насловот на членот 198 зборот „малолетник“ се заменува со зборот „дете“.

Во членот 198 ставови (1), (2), (3) и (4) зборовите: „малолетно лице“ се заменуваат со зборот „дете“.

Член 35

Во членот 200 зборовите: „три години до пет години“ се заменуваат со зборовите: „три до пет години“.

Член 36

Во насловот на членот 201 и во членот 201 ставови (1), (2) и (3) зборовите: „малолетно лице“ се заменуваат со зборот „дете“.

Во ставот (1) зборовите: „најмалку пет години“ се заменуваат со зборовите: „од една до десет години“.

Во ставот (3) зборот „десет“ се заменува со зборот „пет“.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Ако делото од ставовите (1), (2) или (3) на овој член е сторено спрема дете со давање наркотични дроги или психотропни супстанци, сторителот

ќе се казни со затвор најмалку осум години.“

Член 37

Во насловот на членот 204 зборот „малолетници“ се заменува со зборот „дете“.

Во членот 204 ставови (1) и (2) зборот „малолетник“ се заменува со зборовите: „дете кое наполнило 14 години“.

Во ставот (3) по зборот „дете“ се додаваат зборовите: „кое не наполнило 14 години“.

Член 38

Во членот 210 став (1) зборовите: „медицинската струка или наука“ се заменуваат со зборот „закон“.

Во ставот (3) зборовите: „парична казна или затвор до три години“ се заменуваат со зборовите: „затвор од најмалку четири години“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Со казната од ставот (3) на овој член ќе се казни тој што спротивно на закон продава, посредува, огласува за потреби или за достапност на делови од човечкото тело заради остварување на имотна или друга корист.“

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.“

Член 39

По членот 210 се додава нов наслов и нов член 210-а, кои гласат:

„Незаконско земање и користење на генетски и биолошки материјал

Член 210-а

Тој што неовластено зема, складира со намера да постапува со него или користи генетски биолошки материјал,

ќе се казни со парична казна или со казна затвор од една до три години.“

Член 40

Во членот 215 став (1) по зборот „неовластено“ се додава зборот „организира“ и се става запирка.

Во ставот (3) по зборот „посредници“ се додаваат зборовите: “или организирал дејствие од ставот (1) на овој член“.

Член 41

Во членот 216 став (2) зборот „малолетник“ се заменува со зборовите: „дете кое наполнило 14 години“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Ако делото од ставот (2) на овој член е сторено спрема дете кое не наполнило 14 години, сторителот

ќе се казни со затвор од најмалку четири години.“

Член 42

Во членот 218 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) Тој што со испуштање на отровни или издувни гасови, на поголемо количество од максимално дозволеното со закон на материјали или јонизирачко зрачење во воздухот, водата или почва или на друг начин може да предизвика или ќе предизвика значително оштетување на квалитетот на воздухот, водата или почвата или опасност за животот или здравјето на луѓето или уништување на растителен или животински свет во поголеми размери, или на ретки видови на растенија или животни,

ќе се казни со затвор од четири до десет години.

(2) Службено или одговорно лице во правно лице кое со непридржување кон прописите за заштита на животната средина ќе пропушти да постави уреди за пречистување или ќе дозволи изградба, пуштање во дејство или користење на погон кој ја загадува животната средина или на друг начин ќе пропушти преземање мерки за спречување или оневозможување на загадување на воздух, почва, вода, кое ја надминува дозволената граница или за спречување бучава што значително ја надминува дозволената граница и со тоа ќе предизвика опасност за животот или здравјето на луѓето или уништување на животинскиот и растителниот свет во поголеми размери, или на ретки видови на растенија или животни,

ќе се казни со казна затвор најмалку четири години.“

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Со казната од ставот (2) на овој член ќе се казни тој што спротивно на прописите управува или работи со постројка во која се вршат опасни активности или во која се чуваат или користат опасни материи или препарати, што надвор од постројката можат трајно или во значителна мера да го загрозат квалитетот на воздухот, водата или почвата или во значителна мера да го загрозат животот или здравјето на луѓето или во значителна мера на широко подрачје да го загрозат растителниот или животинскиот свет.“

Во ставот (3) кој станува став (4) бројот „и 2“ се заменува со броевите „(2) и (3)“.

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (5) и (6).

Член 43

По членот 218 се додава нов наслов и нов член 218-а, кои гласат:

„Производство, трговија или употреба на супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка

Член 218-а

(1) Тој што произведува, увезува, извезува, пласира на пазарот или употребува недозволени супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка,

ќе се казни со затвор од три месеци до шест години или парична казна.

(2) Ако делото е сторено од небрежност, сторителот

ќе се казни со парична казна или затвор до една година.

(3) Ако делото го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

(4) За делото од ставот (1) на овој член нема да се казни тој што употребува уреди во домаќинството набавени пред влегувањето во сила на овој закон.“

Член 44

Во членот 225-а ставот (1) се менува и гласи:

„Тој што врши експлоатација на песок, чакал или камен или други минерални суровини определени со закон, од поголема вредност без концесија или дозвола,

ќе се казни со затвор од шест месеци до три години и со парична казна.“

Член 45

Во членот 228 став (1) зборовите: „шест месеци“ се заменуваат со зборовите: „една година“.

Во ставот (2) зборот „една“ се заменува со зборот „три“.

Во ставот (3) зборовите: „три месеци до три години“ се заменуваат со зборовите: „шест месеци до пет години“.

Во ставот (4) зборовите: „со парична казна или со затвор до три години“ се заменуваат со зборовите: „со затвор од една до пет години“.

Член 46

По членот 228 се додава нов наслов и нов член 228-а, кои гласат:

„Неовластено ловење чување и отуѓување диви животни и птици

Член 228-а

(1) Тој што неовластено лови, превезува, пренесува, прикрива, чува, одгледува, купува, продава, или на кој било начин прибавува, отуѓува или препарира диви животни и птици во поголеми количини или од поголема вредност,

ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако сторителот на делото од ставот (1) на овој член организира мрежа за извршување на делото или ако делото е сторено во состав на група или друго здружение или заради извезување на дивите животни или птици во странство,

ќе се казни со затвор од една до пет години.“

Член 47

Насловот на членот 230 се менува и гласи: “Загрозување на животната средина и природата со отпад”.

Во членот 230 ставовите (1), (2), (3) и (4) се менуваат и гласат:

„(1) Тој што со оставање, фрлање, собирање, со непрописно транспортирање на една или повеќе поврзани пратки, со преработка или отстранување на отпадот, со создавање на депонии спротивно на прописите за заштита на животната средина, пропуштање на вршење надзор над собирањето, со транспортот и преработката, со непрописно управување со отпадот, или на друг начин ќе предизвика или може да предизвика значително оштетување на квалитетот на почвата, воздухот или водата или опасност за животот или здравјето на луѓето или уништување на растителен или животински свет во поголеми размери, или на ретки видови на растенија или животни,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено со опасен отпад што содржи супстанции кои имаат својство на експлозивност, реактивност, запаливост, надразливост, токсичност, инфективност, канцерогеност, мутагеност, тератогеност, екотоксичност или својство на испуштање отровни гасови преку хемиска реакција и биолошко разложување, сторителот

ќе се казни со затвор од најмалку четири години.

(3) Тој што неовластено тргува со отпад,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(4) Ако делото е сторено од организирана група составена од три или повеќе лица сторителот ќе се казни за делото од ставовите (1) и (3) на овој член со затвор најмалку четири години, а делото за ставот (2) на овој член најмалку осум години.“

Член 48

По членот 232 се додаваат три нови наслови и три нови члена 232-а, 232-б и 232-в, кои гласат:

„Убивање или уништување на заштитени видови на дива флора или фауна

Член 232-а

(1) Тој што убива, уништува, држи или одзема примероци на заштитени видови на дива флора или фауна во количина што има значително влијание врз нивната заштита,

ќе се казни со затвор од една до три години или со парична казна.

(2) Тој што со непридржување кон одредбите на овој закон, преземе дејствија со кои ќе отстрела, пресече, ископачи или на друг начин уништи примероци или популации од автохтон див вид и со тоа ќе предизвика истребување на автохтон див вид на територијата на Република Македонија,

ќе се казни за кривично дело истребување на автохтон див вид со затвор од една до три години.

(3) Ако со делото од ставот (1) на овој член сторителот ќе предизвика загрозување од истребување на автохтон див вид на територијата на Република Македонија,

ќе се казни со казна затвор од шест месеци до една година.

(4) Тој што делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член ќе го стори од небрежност,

ќе се казни со затвор до една година или парична казна.

Неовластено воведување на диви видови во природата

Член 232-б

(1) Тој што спротивно на закон, без дозвола изврши воведување на диви видови во природата на територијата на Република Македонија,

ќе се казни со казна затвор од шест месеци до една година.

(2)Ако со делото од ставот (1) на овој член дошло до сериозни нарушувања на природната рамнотежа или нарушувања во биолошката разновидност на Република Македонија, сторителот

ќе се казни со затвор од една до три години.

(3) Ако делото од ставот (1) на овој член било сторено на тој начин што сторителот не се придржувал до мерките за превентивна заштита при одредени активности, сторителот

ќе се казни со парична казна или со казна затвор од шест месеци до една година.

Неовластено тргување, увезување или превезување дива флора или фауна

Член 232-в

(1) Тој што неовластено тргува, увезува, извезува или превезува жива или мртва единка на заштитен вид на дива флора или фауна во количина што има значително влијание врз нивната заштита, или делови или деривати од нив,

ќе се казни со затвор од една до три години или со парична казна.

(2) Ако делото е сторено од небрежност,

ќе се казни со парична казна или казна затвор до една година.“

Член 49

Во членот 233 став (1) зборовите: „шест месеци“ се заменуваат со зборовите: „една година“.

Во ставот (2) зборовите: „три месеци“ се заменуваат со зборовите: „една година“.

Член 50

Во членот 234 став (1) зборовите: „218 ставови (1) и (2)“ се заменуваат со зборовите: „218 ставови (1), (2) и (3)“.

Во ставот (2) зборовите: „218 став 3“ се заменуваат со зборовите: „218 ставови (3) и (4)“.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Ако поради делата од оваа глава настапило значително влошување на животните услови во рамките на заштитено подрачје определено со закон, сторителот

ќе се казни со затвор од најмалку три години.“

Член 51

Во членот 236 став (4) по зборовите: „јавни инсталации“ запирката се брише и се додаваат зборовите: „или предмет во општа употреба“.

Член 52

Во членот 239 ставовите (4), (5) и (6) се менуваат и гласат:

„(4) Тој што противправно ќе присвои туѓ подвижен предмет што го нашол или до кој случајно дошол,

ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(5) Ако вредноста на затаените предмети е значителна или предметите се добро под привремена заштита или културно наследство, сторителот

ќе се казни со затвор од една до десет години.

(6) За делата од ставовите (2) и (4) на овој член гонењето се презема по приватна тужба, а за ставовите (1) и (3) на овој член по предлог.“

Член 53

Насловот на членот 254 се менува и гласи: „Намерно предизвикување стечај“.

Во членот 254 став (1) по зборовите: „признавање невистинити побарувања“ се додаваат зборовите: „или на друг начин намерно повласти доверители“.

Член 54

Во членот 255 став (1) пред зборот „неспособен“ се додава зборот „трајно“.

Член 55

Во членот 256 став (1) зборовите: „или побарување по лажен исплатен ред“ се бришат.

Член 56

Во члениот 257 ставови (1) и (2) пред зборот „неспособно“ се додава зборот „трајно“.

Член 57

Во членот 261 ставот (3) се менува и гласи:

„Ако вредноста на предметот или имотот од ставот (1) или (2) на овој член е значителна или предметот или имотот е добро под привремена заштита или културно наследство или уред или друг предмет од посебно значење за сигурноста на луѓето и имотот и сигурноста на јавниот сообраќај или објект на јавни инсталации или предмет во општа употреба, сторителот

ќе се казни со затвор од три до осум години.“

Член 58

Во членот 264 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) Тој што ќе оштети или уништи движно добро, археолошко наоѓалиште или друго недвижно добро под привремена заштита, културно наследство или природна реткост,

ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Тој што без дозвола од надлежен орган ќе изврши конзерваторски или реставраторски работи или без дозвола или спротивно на забраната врши археолошки ископувања или истражувања или други недозволени истражувачки работи на добра под привремена заштита или културно наследство или природна реткост, а знаел и бил должен или можел да знае дека се работи за такво добро,

ќе се казни со затвор од три до десет години.“

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Ако поради делото од ставот (2) на овој член доброто под привремена заштита, културното наследство или природната реткост се оштетени или уништени, сторителот

ќе се казни со затвор од пет до десет години.“

Ставот (3) станува став (4).

По ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

„(5) Обидот на делото од ставот (2) на овој член е казнив.

(6) Средствата за извршување на делото и предметите на делото се одземаат.”

Член 59

Членот 265 се менува и гласи:

„(1) Тој што при археолошки ископувања, архивски истражувања, геолошко-палеонтолошки и минеролошко-петрографски истражувања, градежни или земјоделски ископувања или други истражувачки работи или на друг начин ќе присвои или ќе држи ископина, материјал или најден предмет што претставува добро под привремена заштита или културно наследство или природна реткост,

ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Ако делото од ставот (1) на овој член го стори носителот на дозволата или раководителот на истражувањата,

ќе се казни со казна затвор од најмалку четири години.“

Член 60

Насловот на членот 266 и членот 266 се менуваат и гласат:

“Изнесување во странство на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости

Член 266

(1) Тој што без дозвола од надлежен орган ќе изнесе во странство добро под привремена заштита или културно наследство или предмет што претставува природна реткост,

ќе се казни со затвор од три до десет години.

(2) Тој што делото од ставот (1) на овој член ќе го стори спрема добро под привремена заштита или културно наследство, а е археолошки, етнолошки, уметнички, историски предмети или иконописно дело кое е значајно добро или добро од особено значење за Република Македонија,

ќе се казни со казна затвор најмалку четири години.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.“

Член 61

Членот 266-а се менува и гласи:

„Тој што ќе продаде, подари или на друг начин трајно ќе отуѓи културно наследство во државна сопственост, ако не постојат обележја на некое друго потешко кривично дело,

ќе се казни со затвор од три до десет години.“

Член 62

Насловот на членот 266-б и членот 266-б се менуваат и гласат:

“Внесување на противправно прибавени добра под привремена заштита, културно наследство и природни реткости

Член 266-б

Тој што ќе внесе во Република Македонија движно добро под привремена заштита, културно наследство и природни реткости за кое знае или бил должен или можел да знае дека е противправно прибавено на територијата на друга држава,

ќе се казни со затвор од три до десет години.“

Член 63

По членот 266-б се додава нов наслов и нов член 266-в, кои гласат:

“**Неовластена трговија со добра под привремена заштита, културно наследство и природна реткост**

Член 266-в

(1) Тој што неовластено купува, продава, прима во залог или разменува предмети кои претставуваат добра под привремена заштита, културно наследство и природна реткост, чијшто промет е забранет или ограничен,

ќе се казни со парична казна или со затвор од една до пет години.

(2) Ако сторителот на делото од ставот (1) на овој член е сторено со цел изнесување на предметите во странство или делото е сторено во состав на група, банда или друго здружение или сторителот организирал мрежа на препродавачи или посредници,

ќе се казни со парична казна или со затвор од една до десет години.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

(4) Предметите и стоката на неовластена трговија ќе се одземат.“

Член 64

Во членот 268 став (2) по зборот „прибавува“ се додаваат зборовите: „или држи“.

Член 65

Во членот 269 став (2) по зборот „прибавува“ се додаваат зборовите: „или држи“.

Член 66

Во членот 274 став (2) зборовите: „или банкомат“ се бришат.

Член 67

По членот 275-в се додава нов наслов и нов член 275-г, кои гласат:

„Незаконито постапување на овластен проценувач

Член 275-г

(1) Овластен проценувач или проценувач кој ќе изврши процена или ревизија на процена спротивно на со закон определените методологија, правила или стандарди, како и на меѓународните стандарди за процена и со тие активности ќе предизвика за друг имотна штета или остварување на имотна корист,

ќе се казни со парична казна и затвор до пет години.

(2) Ако делото е сторено спрема повеќе физички или правни лица, сторителот

ќе се казни со парична казна и затвор од една до пет години.

(3) Ако со делото од ставовите (1) и (2) на овој член сторителот прибавил за себе или за друг поголема имотна корист или за друг предизвикал поголема имотна штета,

ќе се казни со затвор од една до десет години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

(5) Судот на сторителот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите определени со членот 38-б од овој законик.“

Член 68

Во членот 278 ставот (4) се менува и гласи:

„Тој што организира мрежа на препродавачи или посредници за растурање на нецаринети стоки или делото од ставот (1) на овој член го изврши вооружен со огнено оружје или со употреба на сила или закана, сторителот

ќе се казни со затвор од една до пет години.“

Член 69

Во членот 278-а ставот (3) се брише.

Член 70

Во членот 283 став (1) зборовите: „договорена практика“ се заменуваат со зборовите: „усогласено однесување“.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Одговорното лице во правното лице ќе се ослободи од казна, доколку открило или дало значителен придонес во откривањето на склучениот договор, донесена одлука или усогласено однесување забранети со закон, што имало за последица надлежниот орган за заштита на конкуренцијата во постапка за утврдување на постоење на картел, согласно со правилата за заштита на конкуренцијата да определи ослободување, односно намалување на глобата на правното лице.“

Член 71

Во членот 309 по зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија“ се додаваат зборовите: „или јавниот обвинител на Република Македонија“.

Член 72

Во членот 310 по зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија“ се додаваат зборовите: „или јавниот обвинител на Република Македонија“.

Член 73

Во членот 311 по зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија“ се додаваат зборовите: „или јавниот обвинител на Република Македонија“.

Член 74

Насловот на членот 319 и членот 319 се менуваат и гласат:

“Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа

Член 319

(1) Тој што со присилба, малтретирање, загрозување на сигурноста, излагање на подбив на националните, етничките, верските и други симболи, со палење, уништување или на друг начин оштетување на знаме на Република Македонија или знамиња на други држави, со оштетување туѓи предмети, со сквернавење споменици, гробови или на друг дискриминаторен начин, непосредно или посредно, ќе предизвика или ќе разгори омраза, раздор или нетрпеливост врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Тој којшто делото од ставот (1) на овој член го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери,

ќе се казни со затвор од една до десет години.”

Член 75

По членот 322 се додаваат нов наслов и нов член 322-а, кои гласат:

„Врбување за служба во странска војска

Член 322-а

(1) Тој што регрутира, повикува, поттикнува или на друг начин врбува граѓанин на Република Македонија во име на странска држава за служба во воена или паравоена формација или на друг начин го поврзува со таква формација, организира воена обука или транспорт на врбувани лица во странство,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Сторителот ќе се казни со затвор од најмалку четири години ако делото од ставот (1) на овој член е сторено во време кога во државата за која се врши регрутирање постои воена состојба или вооружен судир.“

Член 76

Во членот 367 ставот (1) се менува и гласи:

„Сведок, вештак, преведувач или толкувач кој пред суд, јавен обвинител, нотар, извршител, орган на управа или друг орган кој донесува одлуки во со закон уредена постапка ќе даде лажен исказ,

ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.“

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни вештак кој ќе даде лажен наод и мислење во случаи определени со закон или по барање на заинтересирано лице - нарачател.“

Во ставот (2) кој станува став (3) зборот „процесна“ се заменува со зборот „парнична“.

Ставот (3) кој станува став (4) се менува и гласи:

„(4) Ако лажниот исказ од ставот (1) на овој член е даден во кривична постапка, сторителот ќе се казни:

1) со казна затвор од една до три години ако за делото за кое се води кривична постапка е пропишана казна затвор од шест месеци до пет години;

2) со казна затвор од една до пет години ако за делото за кое се води кривична постапка е пропишана казна затвор до десет години и

3) со казна затвор најмалку четири години ако за делото за кое се води кривична постапка е пропишана казна затвор до 20 години или доживотен затвор.“

По ставот (5) кој станува став (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) Ако делото од овој член го стори правно лице ќе се казни со парична казна.“

Член 77

Членот 386 се менува и гласи:

(1) Тој што друг малтретира, грубо навредува, ја загрозува неговата сигурност или врз него врши грубо насилство и со тоа во јавноста предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв,

ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Тој што со фрлање на пиротехнички средства или предмети со кои може да се загрози животот или телото на друг или имотот на објекти во спортски терен или гледалиште или со влегување во спортскиот терен со намера да предизвика тепачка или друго насилство,

ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(3) Ако делото од ставовите (1) и (2) на овој член е извршено во група од две или повеќе лица или насилството е извршено над повеќе граѓани или сторителот телесно повредил друг,

ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(4) Со казната од ставовите (1), (2) и (3) на овој член ќе се казни сторителот на делото од ставот (1) на овој член поврзано со спортски натпревар и извршено за време, пред или по завршување на натпреварот.

(5) Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член имало за последица предизвикување на тепачка, нереди и оштетување на имот од поголема вредност, сторителот

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(6) Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член имало за последица тешка телесна повреда или смрт на некое лице, сторителот

ќе се казни со затвор од од три до десет години.

(7) Со казната од ставот (5) на овој член ќе се казни организаторот на групата што го извршила делото од ставовите (2) и (3) на овој член како и организаторот на спортскиот натпревар кој не преземал мерки за спречување на насилството.

(8) За делото од ставовите (2) и (3) на овој член со парична казна ќе се казни правното лице кое учествувало во организирање на натпреварот.“

Член 78

Во членот 394 став (1) зборот „ пет“ се заменува со зборот „десет“.

Во ставот 2 зборовите: „три месеци до три години“ со зборовите: „шест месеци до пет години“.

Член 79

Во членот 394-г ставот (1) се менува и гласи:

„Тој што преку компјутерски систем во јавноста шири расистички и ксенофобичен пишан материјал, слика или друга репрезентација на идеја или теорија која помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или група, врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор,

ќе се казни со затвор од една до пет години.“

Член 80

Насловот на членот 396 се менува и гласи: „Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“.

Во членот 396 став (1) по зборот „набавува“ се става запирка и се додаваат зборовите: „посредува во трговија“.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Ако предмет на делото од ставот (1) на овој член е поголемо количество на распрскувачки материи наменети за дозволени забавни, свечени и други активности, сторителот

ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.“

Ставот (4) станува став (5).

Член 81

Во членот 398 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што примамува, организира, дозволува, или на друг начин овозможува пристап на малолетно лице на игра на среќа во обложувалници, казина или други места каде што се игра на среќа.“

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

Член 82

По членот 403-а се додаваат нов наслов и нов член 403-б, кои гласат:

„Злосторство на агресија

Член 403-б

(1) Тој што имајќи реална моќ да надгледува или управува со политичкото или военото дејствување на државата, ги употреби вооружените сили на една држава против суверенитетот, територијалниот интегритет или политичката независност на друга држава или на кој било друг начин спротивен на Повелбата на Обединетите нации изврши дејствие на агресија, кое по своите карактеристики, тежина и размер претставуваат особено кршење на Повелбата на Обединетите нации,

ќе се казни со казна затвор од најмалку пет години.

(2) Тој што учествува во дејствувањето на вооружените сили од ставот (1) на овој член,

ќе се казни со казна затвор од три до пет години.

(3) Тој што директно и јавно поттикнува на злосторство на агресија,

ќе се казни со казна затвор од една до десет години.

(4) Како агресија од ставот (1) на овој член без оглед на тоа дали претходно е објавена војна или не, ќе се смета:

1) инвазија или напад на вооружените сили на една држава на територијата на друга држава или воена окупација, макар и привремена, која е последица на таквата инвазија или напад, или припојување на целата или на дел од територијата на друга држава со примена на сила;

2) бомбардирање од страна на вооружените сили на една држава на територијата на друга држава или користење на какво било оружје на една држава на територијата на друга држава;

3) блокирање на пристаниште или крајбрежјето на една држава со вооружените сили на друга држава;

4) напад на вооружените сили на една држава на копнените, морските или воздушните сили на друга држава;

5) користење на вооружените сили на една држава кои се на подрачјето на друга држава, со нејзина согласност во спротивност со условите предвидени со нивниот договор или продолжување на присутноста на воените сили на подрачјето на друга држава по престанувањето на договорот;

6) давање дозвола за користење на територијата на една држава ставена на располагање на друга држава, да се користи за агресија против трета држава или

7) испраќање од страна или во име на државата на вооружени банди, групи, паравоени сили или платеници кои извршуваат вооружени акции против друга држава, кои по својата тежина одговараат на претходно наведените дејствија или нејзино значајно учествување во таквите акции.“

Член 83

Во членот 404 ставот (1) се менува и гласи:

„Тој што за време на војна, вооружен судир или окупација повредувајќи ги правилата на меѓународното право ќе нареди да се изврши напад на цивилното население, на населба, на одделни цивилни лица или на лица онеспособени за борба, што имало за последица смрт, тешка телесна повреда или тешко нарушување на здравјето на луѓето; напад без избор на целта со кој се погодува цивилното население; вршење спрема цивилното население убиства, мачења, нечовечки постапувања, биолошки, медицински или други научни експерименти, земање на ткива или органи заради пресадување, нанесување на големи страдања или повреди на телесниот интегритет или на здравјето; раселување или преселување или присилно однародување или преминување во друга вера; присилување на проституција или силување, сексуално ропство или предизвикување на присилна бременост, насилна стерилизација или друг вид сексуално насилство; применување на мерки на застрашување и терор, земање на заложници, колективно казнување, противзаконито одведување во концентрациони логори и други противзаконити затворања, лишување од правото на правилно и непристрасно судење; или извршување на казна или погубување без претходна пресуда донесена од законски заснован суд во постапка во која се обезбедени општоприфатените судски гаранции присилување на служба во вооружените сили на непријателска сила или во нејзина разузнавачка служба или администрација, запишување и регрутирање на лица помлади од 15 години во вооружените сили на државата или регрутирање на лица помлади од 18 години во вооружени групи кои не се вооружени сили на државата и нивно користење преку активно учество во вооружените дејствија спротивно на условите определени со правилата на меѓународното право; искористување на присуството на цивилно население или на други заштитени лица

г) посебни работни компетенции за сите нивоа - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место, како и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори, или уверение од меѓународна институција на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(3) Секој од меѓународно признатите сертификати од ставот (2) точка г) на овој член имаат неограничена временска важност за работното место за чие пополнување ги приложил административниот службеник, а истите административниот службеник може да ги користи при аплицирање на интерен или јавен оглас во рок од пет години од датумот на издавање и за други работни места, освен ако издавачот не предвидел подолг рок на важност.

Звања

Член 27

(1) За административните службеници, нивоата во рамките на категориите дополнително се опишуваат со звање, и тоа:

- Б1 - државен советник,
- Б2 - раководител на сектор,
- Б3 - помошник раководител на сектор,
- Б4 - раководител на одделение,
- В1 - советник,
- В2 - виш соработник,
- В3 - соработник,
- В4 - помлад соработник,
- Г1 - самостоен референт,
- Г2 - виш референт,
- Г3 - референт или
- Г4 - помлад референт.

(2) По исклучок на ставот (1) на овој член за административните службеници во судството и јавното обвинителство, дипломатијата, царинската и даночната администрација, инспекциските служби, државната ревизија, ревизијата на ИПА, регулаторните тела, Народната банка на Република Македонија, како и во институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Македонија или од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје, нивоата во рамките на категориите можат дополнително да се опишат со звања утврдени во посебните закони.

ГЛАВА V
КАБИНЕТИ

Кабинетски службеници

Член 28

(1) Определени работни места во кабинетите на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, потпретседателите на Собранието на Република Македонија, замениците на претседателот на Владата на Република Македонија, генералниот секретар на Владата на Република Македонија и кабинетите на министрите, утврдени со актите за систематизација на работни места се утврдуваат како посебни работни места во кабинет.

(2) Посебните работни места во кабинетите можат да се пополнат со административни службеници од истата или од друга институција (во натамошниот текст: кабинетски службеници) преку постапка на мобилност.

(3) По истекот на мандатот на функционерот кој го распоредил во кабинетот, со решение на новиот функционер, кабинетскиот службеник од ставот (2) на овој член се распоредува на работно место на исто ниво со нивото на работно место на кое работел пред да биде распореден во кабинетот и тоа во истата институцијата во која бил претходно вработен.

(4) Пред истекот на мандатот на функционерот кој го распоредил во кабинетот, на барање на функционерот или на негово барање, кабинетскиот службеник од ставот (2) на овој член со решение на функционерот се распоредува на работно место на исто ниво со нивото на работно место на кое работел пред да биде распореден во кабинетот и тоа во истата институцијата во која бил претходно вработен.

Број на кабинетски службеници

Член 29

Бројот на посебни работни места на кабинетски службеници од членот 28 став (2) од овој закон не може да биде поголем од:

- пет работни места на кабинетски службеници во Кабинетот на претседателот на Република Македонија,
- пет работни места на кабинетски службеници во Кабинетот на претседателот на Собранието Република Македонија,
- десет работни места на кабинетски службеници во Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија,
- едно работно место на кабинетски службеник во кабинетите на потпретседателите на Собранието на Република Македонија,
- три работни места на кабинетски службеници во кабинетите на замениците на претседателот на Владата на Република Македонија,
- три работни места на кабинетски службеници во кабинетите на министрите кои водат министерства со над 100 вработени,
- три работни места на кабинетски службеници во Кабинетот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија,
- две работни места на кабинетски службеници во кабинетите на министрите кои водат министерства со помалку од 100 вработени и
- едно работно место на кабинетски службеници во кабинетите на министрите без ресор.

ГЛАВА VI
ПОПОЛНУВАЊЕ НА РАБОТНИ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Начини на пополнување на работни места на административни службеници

Член 30

(1) Пополнувањето на работно место на административни службеници се врши преку спроведување на постапка за:

- вработување,
- унапредување и
- мобилност преку распоредување или преземање.

(2) Постапката за вработување започнува со објавување на јавен оглас, по што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција се избира најдобриот кандидат за работното место и истиот заснова работен однос со работодавачот.

(3) Постапките за унапредување започнуваат со објавување на интерен оглас, по што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција се избира најдобриот кандидат од редот на вработените во институцијата и истиот преминува на работно место на повисоко ниво.

(4) Постапките за мобилност се спроведуваат во транспарентна и фер постапка на распоредување, односно преземање на вработен на работно место во исто ниво во истата или друга институција согласно со Законот за вработени во јавниот сектор.

(5) Постапките за пополнување на работното место од ставот (1) на овој член се спроведуваат по претходно известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии, односно од органот надлежен за издавање на финансиска согласност за пополнување на работни места во институцијата.

Општи и посебни услови за пополнување на работни места

Член 31

(1) За пополнување на работно место на административен службеник кандидатот треба да ги исполни следниве општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

(2) Покрај општите услови за пополнување на работно место на административен службеник од ставот (1) на овој член кандидатот треба да ги исполни следниве посебни услови:

- да има соодветни стручни квалификации потребни за работното место,
- да има соодветно работно искуство потребно за работното место,

- да поседува соодветни општи работни компетенции потребни за работното место пропишани со Рамката на општи компетенции и
- да поседува соодветни посебни работни компетенции потребни за работното место.

(3) Како дополнителен услов за пополнување на работно место на административен службеник може да се утврди и:
- статус на дете без родители и без родителска грижа кое до својата осумнаесетгодишна возраст имало ваков статус, согласно со закон,
- статус на лице со посебни потреби, согласно со закон или
- статус на корисник на државна стипендија, согласно со закон.

ГЛАВА VII
ВРАБОТУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Обврска за планирање на административни службеници

Член 32

(1) Институциите имаат обврска да ги планираат вработувањата на административните службеници врз основа на Методологијата за планирање утврдена во Законот за вработени во јавен сектор, за што раководното лице на институцијата подготвува годишен план за вработувања на административни службеници за следната календарска година (во натамошниот текст: годишен план), кој ги содржи следниве податоци:
- тековна состојба на пополнетост на работни места на административни службеници според категории и нивоа,
- тековна состојба на пополнетост на работни места на административни службеници според пол, возраст, образование и припадност на заедница,
- тековна состојба на пополнетост на работни места на административни службеници според начин на вработување - неопределено, определено, неполно работно време,
- работни места кои ќе се испразнат и основите за нивното испразнување,
- предлози за нови вработувања во институцијата,
- финансискиот план на институцијата за наредната календарска година и
- други податоци од значење за работните места.

(2) Раководното лице на институцијата е должно, најдоцна до 1 март, да го достави планот од ставот (1) на овој член на согласност до органот надлежен за буџетот на институцијата, за што истиот во рамките на својата надлежност, согласно со ставот (1), алинеи 5 и 6 на овој член во рок од два месеца е должен да му одговори.

(3) Врз основа на добиената согласност, а најдоцна до 15 јуни, раководното лице на институцијата е должно да го достави планот од ставот (1) на овој член на согласност до Секретаријатот за спроведување на Рамковен договор за што истиот, во рамките на својата надлежност, согласно со ставот (1) алинеја 5 на овој член во рок од три месеци е должен да му одговори.

(4) Доколку органот надлежен за буџетот на институцијата и/или Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор во роковите од ставовите (2) и (3) на овој член не одговорат, ќе се смета дека согласноста е дадена.

(5) Врз основа на согласноста од ставот (3) на овој член, а во рок од еден месец од приемот на согласноста, односно истекот на рокот од ставот (3) на овој член, раководното лице на институцијата е должно да го донесе годишниот план и да го достави до Министерството за информатичко општество и администрација.

(6) Во рок од два месеца од денот на приемот на планот од ставот (5) на овој член, Министерството за информатичко општество и администрација е должно да даде мислење по однос на примената на Методологијата за планирање во годишниот план на институцијата.

(7) Планот од ставот (5) на овој член во текот на годината на која се однесува може да се менува само по претходно добиена согласност од органот надлежен за буџетот на институцијата и Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

(8) По исклучок од ставовите (3), (4), (5), (6) и (7) на овој член Собранието на Република Македонија, државните органи формирани од Собранието на Република Македонија, единиците на локалната самоуправа, како и агенциите, фондовите, јавните установи и јавните претпријатија основани од единиците на локалната самоуправа, годишните планови ги донесуваат и ги доставуваат најдоцна до 1 мај, на мислење до Министерството за информатичко општество и на увид до Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

(9) Институциите се должни во рок од 15 дена од донесувањето да ги достават годишните планови до Агенцијата.

Известување за реализација на плановите

Член 33

(1) Институциите два пати годишно известуваат за реализација на плановите, за што раководното лице на институцијата, најдоцна до 15 јули за периодот јануари - јуни, односно најдоцна до 15 јануари за периодот јули - декември, испраќа извештај до Министерството за информатичко општество и администрација и Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

(2) Формата и содржината на образецот на извештаите за реализација на планот ги пропишува министерот.

Поединечна, групна и посебна постапка за вработување

Член 34

(1) За започнување на постапка за вработување на административен службеник, секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар до Агенцијата доставува барање во кое го назначува бројот, нивоата и описите на работните места кои се предлагаат за пополнување.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, задолжително го приложува изводот од годишниот план на институцијата во кој е предвидено пополнување на работното место, односно работните места, како и известувањето за обезбедени финансиски средства од членот 30 став (5) од овој закон.

(3) За пополнување на едно работно место во една институција, на ниво различно од влезните нивоа, се спроведува поединечна постапка за вработување.

(4) За пополнување на повеќе сродни работни места во една институција, на ниво различно од влезните нивоа, се спроведува групна постапка за вработување.

(5) За пополнување на едно или повеќе сродни работни места на влезните нивоа се спроведува посебна постапка за вработување на влезно ниво.

(6) Во посебната постапка од ставот (5) на овој член барањето за пополнување на едно или повеќе сродни работни места на кое било од влезните нивоа во една институција, чека до истекот на тековниот месец во кој

Агенцијата собира барања и од други институции лоцирани на подрачјето на истата општина, а кои се однесуваат на пополнување на едно или повеќе сродни работни места на истото ниво.

(7) Доколку до истекот на тековниот месец во Агенцијата пристигнат барања согласно со ставот (6) на овој член се спроведува групна постапка за вработување, за што Агенцијата во рок од пет дена по истекот на тековниот месец ќе објави јавен оглас.

(8) Доколку до истекот на тековниот месец во Агенцијата не пристигнат барања согласно со ставот (6) на овој член во зависност од бројот на работни места во барањето на институцијата од ставот (1) на овој член се спроведува поединечна, односно групна постапка, за што Агенцијата во рок од пет дена од истекот на тековниот месец ќе објави јавен оглас.

(9) По исклучок од ставовите (6), (7) и (8) на овој член за вработување на административни службеници на влезните нивоа во дипломатијата, царинската и даночната администрација и инспекциските служби, државната ревизија и ревизијата на ИПА, како и за регулаторните тела не се спроведува посебна постапка за вработување на влезно ниво.

(10) За спроведување на постапките од ставот (3) и/или (4) на овој член во истата институција Агенцијата во рок од пет дена од приемот на барањето ќе објави јавен оглас.

Јавен оглас

Член 35

(1) Јавниот оглас за вработување се објавува на интернет страница на Агенцијата за администрација, како и во најмалку три дневни весници, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(2) Во јавниот оглас се назначува нивото и посебните услови за пополнување на работните места.

(3) Рокот за пријавување на јавниот оглас од ставот (1) на овој член не може да биде пократок од 15 дена, односно подолг од 20 дена од денот на неговото објавување во дневните весници.

(4) Јавниот оглас за вработување го објавува Агенцијата, а трошоците за објавување на огласот паѓаат на товар на Агенцијата.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член трошоците за објавување на огласите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и претпријатија основани од единиците на локалната самоуправа паѓаат на товар на институцијата за чии потреби се објавува огласот.

(6) Во случај на групен оглас за кој трошоците треба да паднат на товар и на Агенцијата согласно со ставот (4) на овој член и на институцијата за чии потреби се објавува огласот согласно со ставот (5) на овој член, истите се делат пропорционално на бројот на огласени работни места.

(7) Агенцијата спроведува постапка за јавна набавка на услуги за објавување на јавните огласи во дневните весници за период од една година согласно со ставот (1) на овој член, при што критериумот за избор на најповолни понудувачи ќе биде економска најповолна понуда, односно 70% квалитет и 30% цена.

(8) Квалитетот на понудата од ставот (7) на овој член се утврдува преку бројот на продадени весници на територија на цела Република Македонија за претходната година, за што понудувачот доставува изјава чија веродостојност ја проверува Агенцијата во соработка со Управата за јавни приходи и Централниот регистар.

(9) За цената на понудата од ставот (7) на овој член задолжително се спроведува електронска аукција.

Пријава за вработување на административни службеници

Член 36

(1) Кандидатите за административни службеници ја пополнуваат електронската пријава која ги содржи најмалку следниве податоци:

- име и презиме, матичен број, датум и место на раѓање, адреса и место на живење, адреса на електронска пошта и припадност на заедница,
- последен степен на образование и стекнати дипломи, претходни степени на образование и стекнати дипломи (за кандидатите со магистратура и/или докторат), датуми на стекнување на дипломите, броеви на дипломите, образовни институции кои ги издале,
- претходно работното искуство, да/не, детален опис (доколку има), вклучувајќи име на работодавачот, позиција, опис на работното место, должина на работниот стаж, адреса на работодавачот и причини за напуштање на работното место,
- познавање на странски јазици, да/не, јазик, ниво според ЦЕФР (CEFR) или бодови според ТОЕФЕЛ ПБТ, ЦБТ или ИБТ,
- познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење, да/не, кои и
- причини за аплицирање за конкретното работно место, очекувања од работата и цели во кариерата.

(2) Кон пријавата кандидатите задолжително ги прикачуваат следниве докази за податоците внесени во истата, во скенирана форма:

- доказ за државјанство на Република Македонија,
- доказ за неизречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност,
- уверение/диплома за завршен степен на образование,
- меѓународно признат сертификат за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) или потврда за завршен прв, втор или трет циклус на студии на еден од 200 највисоко рангирани факултети на Shanghai Ranking - ARWU (Academic Ranking of World Universities) на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), за кои студии кандидатот поседува нострифицирана диплома,
- потврда за работа со програми за канцелариско работење и
- потврда за положен стручен испит или лиценца или уверение од соодветната стручна област, доколку истите се посебен услов за работното место и се назначени во јавниот оглас.

(3) Кон пријавата кандидатите можат да прикачат и:

- извод од историјатот на вработувања, доколку кандидатот бил претходно вработен, издаден од агенција за вработување,
- препораки од претходните работни места, кои содржат контакт податоци од лицето кое го препорачува,
- потврди за посетувани обуки, стручни сертификати од други стручни квалификации и специјализации, трудови и публикации,
- меѓународно признат сертификат за познавање на еден од шесте официјални јазици на Обединетите нации,
- потврда за волонтерски стаж, издадена од волонтерскиот регистар на Министерството за труд и социјална политика, односно волонтерска книшка, издадена од Министерството за труд и социјална политика, а потпишана од раководното лице на институцијата и
- изјави или други документи од интерес на работното место.

(4) Откако ќе ја пополнат пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази се верни на оригиналот.

(5) Со пополнување на пријавата кандидатите добиваат идентификациски код кој ги поврзува со резултатите од фазите на селекција.

Комисија за селекција за вработување

Член 37

(1) Агенцијата формира Комисија за селекција за поединечна постапка за вработување или Комисија за селекција за групна постапка за вработување.

(2) Комисијата за селекција за поединечна постапка е составена од тројца раководни административни службеници и тоа претседател и два члена од кои претседателот е од Агенцијата, а двата члена се непосредниот раководител и раководителот на организационата единица за управување со човечки ресурси, односно административниот службеник кој ги врши надлежностите на организационата единица за управување со човечки ресурси ако нема организациона единица од институцијата која вработува, како и нивни заменици.

(3) Комисијата за селекција за групна постапка е составена од раководни административни службеници од кои претседателот е од Агенцијата, еден член е од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор и онолку други членови од организационите единици во кои е предвидено пополнување на работните места колку што има институции кои вработуваат, како и нивни заменици.

(4) Комисијата за селекција за групна постапка во една институција е составена од раководни административни службеници од кои претседателот е од Агенцијата, еден член е од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, и онолку други членови од организационите единици во кои е предвидено пополнување на работните места колку што има организациони единици во кои работните места се пополнуваат, како и нивни заменици.

(5) По исклучок од ставовите (2), (3) и (4) на овој член во новооснованата институција во која нема вработени административни службеници, или во институцијата во која нема раководни административни службеници, членовите на Комисијата за селекција се определуваат од редот на стручните административни службеници од институцијата или од Агенцијата.

(6) Членовите на комисиите за селекција од ставовите (2), (3), (4) и (5) на овој член ги определува раководното лице на институцијата во која се пополнуваат работните места со решение.

Постапка за селекција за вработување

Член 38

Постапката за селекција за вработување се состои од четири фази административна селекција, испит за административен службеник, проверка на веродостојност на докази и интервју, како и тест на личност.

Фаза 1 - административна селекција за вработување

Член 39

(1) Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, приложените докази во пријавата и нивно бодирање.

(2) За кандидатите кои при административната селекција се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот оглас, постапката на селекција завршува.

(3) Вкупниот број на бодови за секој пријавен кандидат се утврдува врз основа на бодовите од бодовите од стручните квалификации, работното искуство во струката, познавањето на странски јазици, како и познавањето на работа со компјутерски програми за канцелариско работење.

(4) Стручните квалификации се вреднуваат во однос на формалното и неформалното образование.

(5) Формалното образование на кандидатите за административни службеници од категоријата Г се вреднува согласно со постигнатиот успех во средното и/или кратките стручни студиски програми во рамките на првиот циклус, односно вишото образование.

(6) Формалното образование на кандидатите за административни службеници од категориите Б и В се вреднува согласно со постигнатиот успех на сите циклуси на студии кои ги завршил кандидатот и од рангирањето на универзитетот според ранг-листата на домашни универзитети согласно со Законот за високот образование и ранг-листите на странски универзитети и тоа следниве: Shanghai Ranking - ARWU (Academic Ranking of World Universities), Times Higher Education - World University Rankings и QS World University Rankings.

(7) Неформалното образование на кандидатите за административни службеници се вреднува во зависност од бројот и релевантноста на меѓународно признатите стручни сертификати или уверенија за работното место.

(8) Работното искуство во струката, доколку кандидатот бил вработен се вреднува во зависност од времетраењето и од видот на одговорноста на работното место (раководно/нераководно). Дополнителни бодови носат позитивните препораки на кандидатот од претходните работни места и волонтерскиот стаж на кандидатот во институциите на јавниот сектор.

(9) Познавањето на странски јазик на утврденото ниво за работното место се докажува со приложување на еден од следните меѓународно признати сертификати или меѓународно употребувани уверенија: АПТИС (APTIS), БУЛАТС (BULATS), ЦАЕ (CAE), ИЕЛТС (IELTS), ФЦЕ (FCE), БЕК (BEC), ПЕТ (PET), КЕТ (KET), ИЛЕК (ILEC), ТОЕФЕЛ ПБТ (TOEFL PBT), ТОЕФЕЛ ЦБТ (TOEFL CBT), ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) за англиски јазик, односно ДЕЛФ (DELF), ДАЛФ (DALF), ТЦФ (TCF), ТЕФ (TEF), БУЛАТС (BULATS) за француски јазик, односно Гете Сертификат (Goethe-Zertifikat), ТестДаФ (TestDaF) и БУЛАТС (BULATS) за германски јазик или друг меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори, или други меѓународни организации, а за едно од нивоата на Европската јазична рамка на Советот на Европа ЦЕФР (CEFR), при што познавање на странски јазик на повисоко ниво од утврденото ниво за работното место и познавање на втор странски јазик од шестте официјални јазици на Обединетите нации се вреднува со дополнителни бодови. Потврдата за завршен прв, втор или трет циклус на студии на еден од 200 највисоко рангирани факултети на Shanghai Ranking - ARWU (Academic Ranking of World Universities) на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), се вреднува на Б2 (B2) ниво според ЦЕФР (CEFR) за завршен прв циклус, односно на Ц2 (C2) за завршен втор или трет циклус на студии.

(10) Познавањето на работа со компјутерски програми за канцелариско работење се докажува со приложување на потврда, при што поседување на меѓународно признат сертификат за положен Certiport: IC3 GS4 Key Applications, Microsoft: MOS Word или MOS Excell - положен, или ECDL: Core се вреднува со дополнителни бодови.

(11) Административната селекција завршува најдоцна во рок од 15 дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на јавните огласи, за што Комисијата за секоја постапка подготвува листа со идентификациските кодови на кандидатите за кои постапката на селекција завршила и ранг-листата со идентификациските кодови на кандидатите кои ја поминале административната селекција и ги објавува на веб страницата на Агенцијата.

(12) Датумот и времето на одржување на следната фаза на селекција се објавуваат заедно со ранг-листата од ставот (11) на овој член и истиот не може да биде пократок од десет дена, а подолг од 30 дена од денот на објавувањето на ранг листа.

(13) Најмногу десет пати повеќе кандидати од бројот на работните места за кои се спроведува постапката, а кои биле најдобро рангирани на листата од ставот (11) на овој член, се преминуваат во следната фаза на селекција.

(14) Во следната фаза на селекција учествуваат и кандидатите кои имаат ист број на бодови со последно рангираните кандидати од ставот (13) на овој член.

Фаза 2 - испит за административен службеник

Член 40

(1) Кандидатот за административен службеник полага испит за административен службеник кој го организира и спроведува Агенцијата.

(2) Испитот за административен службеник се состои од два дела и тоа стручен дел и дел за процена на интелектуалниот капацитет на кандидатот.

(3) Со стручниот дел, преку одговарање на прашања во вид на компјутерско тестирање, се проверуваат познавањата на кандидатот во следниве области:

- уставниот поредок на Република Македонија,
- системот на локалната самоуправа,
- системот на управно право, управна постапка и управен спор,
- положбата и други општи прашања за вработените во јавниот сектор,
- правата од работен однос на административните службеници и
- Кодексот за административни службеници.

(4) Со делот за проценка на интелектуалниот капацитет на кандидатот се проверува способноста на кандидатот за апстрактно расудување преку компјутерска тест - матрица за когнитивни способности, како и способноста за логичко расудување преку компјутерски тест за силогизми.

(5) Базата на прашања за стручниот дел ја формира Министерството во соработка со Агенцијата, при што најмалку еднаш годишно истата се ревидира.

(6) Базата на прашања од ставот (5) на овој член е јавно достапна на веб страниците на Министерството и Агенцијата и содржи најмалку 500 прашања, за кои се посочени прописите од кои произлегуваат прашањата и истата се зголемува за најмалку 10% годишно.

(7) Јавно достапни и објавени на веб страниците на Министерството и Агенцијата се и литературата, односно законите и подзаконските акти врз основа на кои е подготвена базата на прашања од ставот (5) на овој член.

(8) При ревизијата на прашањата од ставот (5) на овој член, Министерството особено ги има предвид измените на правните прописи на кои е засновано прашањето, бројот на кандидати кои го одговориле, успешноста во одговорите на истите, како и други околности кои можат да влијаат врз подобрувањето на квалитетот на базата, при што одлучува определени прашања да бидат изменети или целосно отстранети од базата од ставовите (5) и (6) на овој член.

(9) Прашањата од стручниот дел на испитот, во зависност од тежината, се вреднуваат со определен број на бодови, кои се наведени за секое прашање за време на полагањето и истите за секој кандидат се бираат по случаен избор од базата на прашања од ставот (5) на овој член.

(10) По исклучок од ставот (3) на овој член со стручниот дел од испитот за административните службеници во дипломатијата, царинската и даночната администрација и инспекциските служби, државната ревизија и ревизијата на ИПА, како и во ревизорските тела може да се проверуваат познавањата на кандидатот во други области утврдени со посебните закони.

(11) Базите на прашања за стручниот испит за административните службеници од ставот (10) на овој член ги формира и ревидира институцијата за која се спроведува испитот во соработка со Министерството и Агенцијата.

(12) Базата на прашања за делот за процена на интелектуалниот капацитет на кандидатот ги обезбедува Министерството во соработка со стручна институција за процена на интелектуалниот и психометрискиот капацитет на кандидати за вработување.

(13) Во рок од три дена од денот на спроведувањето на испитот, согласно со освоените бодови од административната селекција и испитот, Комисијата подготвува и ја објавува на веб страницата на Агенцијата, ранг-листа со идентификациски кодови на кандидатите.

(14) Датумот и времето на одржување на следната фаза на селекција се објавуваат заедно со ранг-листата од ставот (13) на овој член и истиот не може да биде подолг од десет дена од денот на објавувањето.

(15) Најмногу пет пати повеќе кандидати од бројот на работни места за кои се спроведува постапката, а кои биле најдобро рангирани на листата од ставот (13) на овој член, преминуваат во следната фаза на селекција.

(16) Во следната фаза на селекција учествуваат и кандидатите кои имаат ист број на бодови со последно рангираните кандидати од ставот (13) на овој член.

Постапка на полагање на испити и тестови

Член 41

(1) Испитот за административен службеник, испитот за административно управување и тестот на личност се полагаат во специјално опремена просторија со информатичка опрема, интернет врска, опрема за снимање на полагањето и дисплеј за објавување на резултати со димензии најмалку 2x2 метра.

(2) Полагањето на испитот, односно на тестот се снима и во живо се емитува на веб страницата на Агенцијата, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката се поставува на веб страницата на Агенцијата.

(3) На кандидатот за време на полагањето на испитот, односно на тестот, не му се дозволува користење на литература, закони, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства и не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица од Агенцијата освен со информатичар вработен во Агенцијата, доколку има технички проблем со компјутерот на кој го полагал испитот, односно тестот.

(4) Ако техничките проблеми со компјутерот ќе бидат отстранети за 30 минути испитот, односно тестот продолжува, а доколку не бидат отстранети, истиот само за тој кандидат се прекинува и ќе може да го полага во нов термин најдоцна во рок од три дена од денот во кој испитот е прекинат.

(5) Доколку кандидатот при полагањето постапува спротивно од ставот (3) на овој член нема да му се дозволи натамошно полагање.

(6) Резултатот, односно бројот на бодови од испитот за административен службеник на кандидатот му е достапен на компјутерот на кој го полагал, веднаш по неговото завршување и истиот резултат се евидентира во Агенцијата и може да се искористи за други постапки на селекција во рок од една година сметано од денот на првото полагање.

(7) Резултатот од испитот за административно управување (положил/не положил), на кандидатот му е достапен на компјутерот на кој го полагал веднаш по неговото завршување и за истиот, во рок од пет дена од денот на полагањето, Агенцијата до Министерството испраќа известување.

(8) Во рок од пет дена од приемот на известувањето од ставот (7) на овој член Министерството на кандидатот му издава потврда доколку е положен и истовремено ја известува институцијата во која е вработен за резултатот од испитот.

(9) Освен на компјутерот, резултатот од ставовите (6) и (7) на овој член, заедно со името и презимето на кандидатот, се објавува и на дисплејот од ставот (1) на овој член веднаш по завршување на полагањето од страна на секој кандидат, при што објавата на дисплејот трае најмалку десет минути по завршување на полагањето од страна на сите кандидати кои во истиот термин го полагале испитот.

(10) Веднаш по завршување на полагањето од страна на сите кандидати кои во истиот термин го полагале испитот, камерата го зумира и најмалку пет минути во живо, на веб страницата на Агенцијата, го емитува дисплејот со резултатите на сите кандидати кои го полагале испитот, односно резултатите од полагањето на сите кандидати рангирани според освоените бодови на испитот се објавуваат на веб страницата на Агенцијата и веднаш се доставуваат на адресите на електронска пошта на сите кандидати кои полагале.

(11) Доколку поради технички причини снимањето се прекине во текот на испитот, составен дел од снимката која се поставува на веб страницата на Агенцијата е и снимката од дисплејот со резултатите на сите кандидати кои го полагале испитот.

(12) Снимките од полагањето за секој испит се чуваат во Агенцијата во период од најмалку две години од датумот на полагањето.

(13) За време на полагањето на вработените во Агенцијата им се забранува мрежен пристап до компјутерите во просторијата за полагање, како и мрежен пристап до модулот и базата на прашања за испити и тестови, освен на информатичарите кога поради технички причини е потребно да интервенираат.

(14) Мрежниот пристап до компјутерите во просторијата за полагање, како и мрежниот пристап до модулот и базата на прашања за испити и тестови, за време на полагањето, спротивно на ставот (13) на овој член, претставува злоупотреба на службена положба и овластување согласно со закон.

(15) Агенцијата води евиденција на мрежни пристапи до компјутерите во просторијата за полагање и до модулот и базата на прашања за испити и тестови, со време на пристап, корисничко име на вработениот кој пристапил и акции кои ги извршил при пристапот.

(16) Начинот на спроведување на испитот, односно тестот критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање од ставот (1) на овој член, како и формата и содржината на известувањата од ставовите (7) и (8) на овој член и на потврдата од ставот (8) на овој член ги пропишува министерот.

Фаза 3 - проверка на веродостојност на докази и интервју

Член 42

(1) Проверката на доказите ја врши Комисијата за селекција најмалку три часа пред почетокот на интервјуто, за што кандидатите се должни да ги донесат на увид во оригинал или заверен препис, сите докази наведени во членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон.

(2) За кандидатите кои нема да ги доставаат доказите согласно со ставот (1) на овој член или истите нема да ја поминат проверката на веродостојност, постапката на селекција завршува.

(3) Кандидатите за кои постои сомневање дека доставиле лажни докази согласно со ставот (2) на овој член, се евидентираат привремено во Агенцијата и истата е должна во рок од седум дена да ги информира надлежните органи за утврдување на вистинитоста на доставените докази.

(4) Доколку надлежните органи ќе утврдат вина на кандидатот за доставување на лажни докази, се должни во рок од 30 дена да ја известат Агенцијата, при што кандидатот се евидентира во Агенцијата и не може да се вработи како административен службеник во период од десет години од денот на неговото евидентирање во Агенцијата.

(5) Доколку надлежните органи не утврдат вина на кандидатот за доставување на лажни докази, се должни во рок од 30 дена да ја известат Агенцијата, при што кандидатот се брише од евиденцијата на Агенцијата и истиот има право да се пријави на следните јавни огласи.

(6) Кандидатите кои успешно ја поминале проверката на веродостојност на докази имаат право да продолжат на интервју.

(7) На интервјуто, преку ситуациони прашања, се проверуваат потребните општи работни компетенции за категоријата на која припаѓа работното место, а преку стручни прашања или практични задачи, се проверуваат посебните работни компетенции од делокругот на работното место.

(8) Интервјуто од ставот (7) на овој член се спроведува усно и/или писмено.

(9) Во рок од три дена од денот на спроведувањето на интервјуто, согласно со освоените бодови од административната селекција, писмените тестови и интервјуто, за кандидатите кои освоиле најмалку 60% од максималниот број бодови во сите претходни фази на постапката на селекција, Комисијата подготвува и ја објавува на веб страницата на Агенцијата, ранг-листа со идентификациски кодови на кандидатите.

(10) Датумот и времето на оддржување на последната фаза на селекција, тестот на личност, се објавуваат заедно со ранг листата од ставот (9) на овој член и истиот не може да биде подолг од 15 дена од денот на објавувањето.

Фаза 4 - тест на личност

Член 43

(1) Со тестот на личност се проверува соодветноста на кандидатот за работно место за кое аплицирал, преку полагање на валидиран тест за користење во Република Македонија базиран на стандардизиран петфакторски модел со кој се проверуваат социјалните особини, одредени аспекти на интегритетот на личноста, пристапот кон учењето, како и другите психолошки особини во функција на извршувањето на работите и работните задачи за соодветната категорија на работни места.

(2) Кандидатите кои успешно го поминале тестот на личност и се покажале како соодветни за работното место, остануваат на конечната ранг-листа, додека за другите постапката на селекција завршува.

(3) Базата на прашања на тестот на личност ја обезбедува Министерството во соработка со стручна институција за процена на интелектуалниот и психометрискиот капацитет на кандидати за вработување.

Избор на кандидати

Член 44

(1) Комисијата за селекција ја дели конечната ранглиста на подлисти по припадност на заедниците во Република Македонија.

(2) Во случај на поединечна постапка за вработување Комисијата за селекција, во зависност од потребите од годишниот план на институцијата, го избира најдобро рангираниот кандидат од соодветната подлиста и рок од три дена и го предлага на институцијата.

(3) Во случај на групна постапка за вработување во една институција Комисијата за селекција, во зависност од потребите во годишните планови од најдобро рангираните кандидати на подлистите, ја формира конечната ранг-листа на брани кандидати и во рок од три дена и ги предлага на раководното лице во институцијата.

(4) Во случај на групна постапка за вработување во повеќе институции Комисијата за селекција, во зависност од бројот на работни места за кои е објавен огласот и потребите во годишните планови на институците од најдобро рангираните кандидати на подлистите, ја формира конечната ранг-листа на избрани кандидати, подготвува предлог за нивно распоредување по институциите и истиот во рок од три дена го доставува до нивните раководни лица.

(5) Во случај на поединечна постапка за вработување, кога нема ниту еден кандидат на соодветната подлиста од ставот (2) на овој член, Комисијата за селекција не подготвува предлог до раководното лице на институцијата, при што јавниот оглас се повторува.

(6) Во случај на групна постапка за вработување, кога било која од подлистите од ставот (1) на овој член, во целост или делумно, нема да ги задоволи потребите од годишните планови на институциите, за тие работни места Комисијата за селекција не подготвува предлог до раководното лице на институцијата и за истите работни места јавниот оглас се повторува.

Одлука за избор за вработување

Член 45

(1) Секретарот, односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар, во рок од пет дена по добивањето на предлогот од членот 44 ставови (2), (3) или (4) од овој закон е должен да донесе одлука за избор.

(2) Одлуката за избор се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата.

(3) Против одлуката од ставот (1) на овој член незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата, односно до надлежен орган согласно со овој закон.

Донесување на решение за вработување

Член 46

(1) Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор раководното лице на институцијата носи решение, односно склучува договор за вработување на неопределено време.

(2) На избраниот кандидат му се врачува решението, односно договорот му се обезбедува пристап до актите за внатрешна организација и систематизација на институцијата, до Кодексот за административните службеници, до законите и подзаконските акти од областа на надлежност на институцијата и други релевантни акти, за што административниот службеник потпишува потврда за прием која се чува во неговото досие.

(3) Избраниот кандидат пред раководното лице на институцијата ја потпишува Декларацијата за заедничката мисија на вработените во јавниот сектор, која е составен дел од Кодексот за административните службеници.

(4) Примерок од потпишаната Декларација од ставот (3) на овој член му се врачува на вработениот, а еден примерок се чува во неговото работно досие.

Правилник за спроведување на постапката за вработување

Член 47

Формата и содржината на поединечниот и на групниот јавен оглас, начинот на пресметка на трошоците за објава на групен оглас, начинот на поднесување на пријавата, соодветното бодирање на меѓународно признатите сертификати, начинот на спроведување на административната селекција, испитите, проверката на веродостојност на докази и интервјуто, тестот на личност, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката на селекција, ги пропишува министерот.

Глава VIII

УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Интерен оглас

Член 48

(1) Постапката на унапредување има за цел да им овозможи на административните службеници кариерно напредување, односно преминување од пониски на повисоки работни места.

(2) При постапката на унапредување се почитува начелото за соодветна и правична застапеност.

(3) За започнување на постапка за унапредување на административен службеник, секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, до организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси во институцијата, односно административниот службеник кој ги врши надлежностите на организационата единица за управување со човечки ресурси ако институцијата нема организациона единица доставува барање за започнување на постапка за унапредување на административен службеник, во кое го назначува нивото и описот на работно место кое се предлага за пополнување.

(4) Доколку институцијата има добиено известување за обезбедени финансиски средства согласно со членот 30 став (5) од овој закон, организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси, на веб страницата на институцијата, објавува интерен оглас и образец за пријава за унапредување.

(5) На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во истата институција, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во овој закон и во актот за систематизација како и:

- да е оценет со оцена „особено се истакнува" или „се истакнува“ при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Пријава за унапредување

Член 49

(1) Кандидатите за унапредување се пријавуваат на интерниот оглас од членот 48 став (5) од овој закон со поднесување на пополнетата пријава и докази за податоците содржани во пријавата и истата преку архивата на институцијата ја доставуваат до организационата единица за управување со човечки ресурси во институцијата.

(2) Рокот за пријавување на огласот не може да биде пократок од пет, односно подолг од десет дена од денот на неговото објавување.

(3) Пријавата од ставот (1) на овој член содржи име и презиме, тековно работно место, ниво и работно искуство на пријавениот кандидат.

(4) Кон пријавата кандидатите можат да ги приложат следниве докази во скенирана форма:
- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник).

(5) Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

Комисија за селекција за унапредување

Член 50

(1) Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, формира комисија за селекција за унапредување.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од тројца административни службеници и тоа претседател и два члена и нивни заменици.

(3) Претседател на комисијата од ставот (1) на овој член е раководниот административен службеник од организационата единица во која се вработува административниот службеник, а два члена се од организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член во институција во која организационата единица во која се вработува административниот службеник нема раководен административен службеник, претседател на комисијата е лице назначено од секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар.

(5) По исклучок од ставот (3) на овој член во институција во која во организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси има само еден вработен, вториот член на комисијата е вработен во Агенцијата, и истиот не може да бидат од редот на членовите на комисијата која одлучува по жалби и пригговори на административните службеници во втор степен.

Постапка за селекција за унапредување

Член 51

(1) Постапката за селекција за унапредување се состои од две фази административна селекција и интервју.

(2) Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во членот 48 став (5) од овој закон и приложените докази во пријавата и нивно бодирање.

(3) За кандидатите за кои при административната селекција ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во интерниот оглас, постапката на селекција завршува.

(4) Бодовите за административна селекција за секој пријавен кандидат се утврдуваат врз основа на збирот на последните три оцени, реализираните обуки и потврдите за менторство, согласно со доставените докази од членот 49 став (4) од овој закон.

(5) Врз основа на бодовите од административната селекција, комисијата составува ранг-листа, при што со најмногу пет најдобро рангирани кандидати, во рок од пет дена по административната селекција, комисијата спроведува интервју.

